ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 (0) 70 399 757
E-mail : mmilosheski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 0619/23**
Дата : **23/06/2022**
Купувач: М. Милошески
Рок на доставување: **07/07/2023**

**До:**
E-mail :
Број на страни: 4+3

| | |
|---|---|
| **X** | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за набавка на: **седум (7) возила под оперативен лизинг согласно спецификацијата прикачена во прилог 1 за:**

1. ***Инструкција за понудувачите:***

➢ **Потврда за прием на Барањето понуда и Изјава за учество**

Ве молиме да го потврдите приемот на Барањето понуда и да го пријавите Вашиот интерес за учество во рок од три (3) работни денови од денот на доставувањето на овој документ, со известување преку E-mail до лицата за понатамошна комуникација:

e-mail: mmilosheski@helpe.gr 070 399 757

cc e-mail: adimitrievski@helpe.gr 02/2532-215

2. **Доставување прашања за појаснување**

Прашања и/или барања согласно ова Барање за понуда треба да бидат доставени само во пишана форма (преку e-mail) до лицата за комуникација наведени во точка 1.1;
ОКТА, по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени **истовремено** до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање за понуда;

3. **Предмет на Барањето понуда**

Предмет на ова Барање понуда е склучување на 3 или 4 годишен лизинг договор за патнички возила.

Вид и количина: Согласно спецификацијата во Прилог 1

**Достапност на возила:** Од лагер или најкраток рок.

Најповолниот добавувач **најдоцна 3 (три) работни дена од приемот на порачката** треба да испрати конфирмација на порачката со печат и потпис на одговорно лице и проценет временски рок на испорака на нарачаните возила. Добавувачот ќе направи максимални напорни да ги испорача возилото/возилата што е можно побрзо.

## 4. Доставување на понуди

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават електронски во **два фолдери**:

Првиот фолдер ќе ја носи ознаката **"ТЕХНИЧКА ПОНУДА И ДОКУМЕНТАЦИЈА"** треба задолжително да ги содржи следниве податоци и документација:

- Име, адреса и седиште на понудувачот, овластено лице, телефон, лице за контакт и е-маил адреса. Проспектот на понудувачот, историјата на фирмата;
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Р.С.Македонија не постара од 30 дена;
- Биланси на успех и состојба издадени од Централен Регистар (копија не постара од 6 месеци заверена од понудувачот);
- Документ издаден од надлежен орган дека понудувачот не е под стечај и ликвидација како и дека не му е изречена мерка забрана за вршење на дејноста (копија не постара од шест месеци заверена од понудувачот);
- Потврда од Управа за Јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки (копија не постара од 6 месеци);
- Референтна листа;
- Важност на понудата;
- Рок на испорака по сегменти;
- Изјава за достапни возила по сегмент;
- Најмалку две (2) препораки од други клиенти корисници на исти услуги од компанијата;
- Потврда дека по истекот на договорот, закупецот (ОКТА) има право да купи било кој од вратените автомобили во вредност иста со остаточната вредност на автомобилите дадена во понудите;
- Изјава потпишана и заверена од страна на понудувачот дека прифаќа да испорача привремени (7) возила согласно техничките детали наведени во **Техничка спецификација;**
- Примерок на Самодекларација на продавачот доколку соработува со ОКТА АД-Скопје за првпат во тековната година. Истиот треба да биде потпишан од овластено лице и на него да биде ставен печат;
- Општите и посебни/дополнителни услови на Лизинг компанијата кои се дел од договорот за лизинг.

Вториот фолдер ќе ја носи ознаката “КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА” треба задолжително да ги содржи следните податоци и документација:

- Сите износи изразени во ЕВРА со и без вклучен ДДВ за секој модел на возило во дадениот сегмент, согласно табелата наведена во Прилог 3;
- Остаточна (преостаната) вредност на секое поединечно возило. Остаточната вредност треба да се утврди при добивањето на понудата и не смее да биде променлива за времетраењето на договорот. ОКТА нема да плаќа дополнителни трошоци врз основа на било какви алтернативни претпоставки од страна на давателот на лизинг;
- Вкупна месечна лизинг рата со и без вклучен ДДВ;
- Цена по километар (km) над и под лимитот дефиниран во договорот;

Комерцијалната понуда треба да биде задолжително **заштитена со лозинка. Лозинката** ќе ви биде дополнително побарана по прием на сите понуди во наведениот рок.

Набавувачот може да изврши посета кај секој понудувач во тек на процесот за барање на понуда со цел на лице место да се запознае со квалификациите на понудувачот. По потреба може и да се организира дополнителен кларификациски состанок околу ова барање за понуда.

За секој понуден модел, давателот на лизинг услуга ќе ги изрази цените кои ќе бидат составен дел на договорот за период дефиниран подолу:

**Забелешка:**

**Понудувачите е потребно да достават две опции за секој понуден модел и тоа:**

- **ОПЦИЈА I**

- Сегмент E, F & J – за 3 и 4 години, со вкупни 120.000 km за цел лизинг период; (за 2 возила)
- Сегмент D, E & J за 3 и 4 години, со вкупни 120.000 km за целиот лизинг период; (за 3 возила)
- Сегмент A, B, C & D за 3 и 4 години, со вкупни 80.000 km за цел лизинг период; (за 2 возила)

Во оваа опција Понудата треба да биде **со** вклучено осигурување каско со дополнително осигурување на возач и патници и осигурување на багаж (вклучително и лаптоп) во осигурена сума од EUR 2.000, и автоодговорност покрај останатите позиции на трошоци.
(Понуда со лизинг рата + Одржување + Гуми (хотел, промена, балансирање) + Годишна регистрација + Осигурување)

- **ОПЦИЈА II**

- Сегмент E, F & J – за 3 и 4 години, со вкупни 120.000 km за цел лизинг период; (за 2 возила)
- Сегмент D, E & J за 3 и 4 години, со вкупни 120.000 km за целиот лизинг период; (за 3 возила)
- Сегмент A, B, C & D за 3 и 4 години, со вкупни 80.000 km за цел лизинг период; (за 2 возила)

Во оваа опција Понудата треба да биде **без** Каско осигурување и автоодговорност на возилата, покрај останатите позиции на трошоци.
(Понуда со лизинг рата + Одржување + Гуми (хотел, промена, балансирање) + Годишна регистрација)

## 5. Важност на понудата

Доставените понуди ќе важат за период од еден (1) месец од крајниот рок за доставување понуди.

## 6. Доделување на тендерот

Како резултат на овој тендерски процес, најуспешниот понудувач ќе склучи договор со ОКТА за период од 3 или 4 години.

## 7. Прилози

Следниве прилози се прикачени на ова Барање понуда и се составен дел на тендерот:

- Прилог I – Техничка спецификација на возилата – минимална опрема
- Прилог II - Правила прифатени од понудувачот
- Прилог III – Финансиска понуда

**Завршни одредби**

- Со доставување на Понудата, понудувачите се изјаснуваат дека го имаат разработено ова Барање и се целосно свесни за релевантните барања што се вклучени во овој документ и се одговорни за содржина на нивната Понуда;
- Понудувачите ќе бидат информирани за резултатите откако е завршена евалуацијата на сите предлози и се одбере најповолниот понудувач;
- Во случај на доцнење на нарачаните возила од било кои причини согласно рокот на испорака дефиниран во понудата, Понудувачот прифаќа без никаква промена во цената да обезбеди заменски возила на ОКТА се до испорака на нарачаните возила;
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или да го поништи тендерот;
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин, ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

| | |
|---|---|
| Раководител на набавка, | Менаџер на Набавка, |
| Мартин Милошески | Александар Димитриевски |